Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 375, 15 октомври 2025 година

октомври 2025 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ВЛИЈАНИЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА (ЧИСТОТА) НА ИМПЛАНТНАТА ПОВРШИНА И МЕДИЦИНСКИОТ СТАТУС ВРЗ ИМПЛАНТНИОТ УСПЕХ (IN VITRO)“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП** ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕН ПРИСТАП ВО НЕГАТА НА БОЛНОТО ДЕТЕ” ОД НАСЛОВЕН ВОНР. ПРОФ. Д-Р АНЕТА ДЕМЕРЦИЕВА, НАСЛОВЕН ДОЦ. Д-Р БИЛЈАНА ЧОНЕСКА-ЈОВАНОВА, ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ДИМИТРОВСКА-ИВАНОВА И НАСЛОВЕН ДОЦ. Д-Р СНЕЖАНА ПАЛЧЕВСКА-КОЦЕВСКА** ........ 8

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ “MODERN TECHNOLOGIES IN ENGLISH LANGUAGE TEACHING” („МОДЕРНИ ТЕХНОЛОГИИ ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК“) ОД ДОЦ. Д-Р СИМОНА СЕРАФИМОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 12

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ДИЗАЈН И КРЕИРАЊЕ НА ЖЕНСКА ОБЛЕКА” ОД ВОНР. ПРОФ. Д-Р САЊА РИСТЕСКИ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 16

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 4** ........ 19

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ 20

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Дарко Лазаров (со овластување), м-р Ристо Костуранов
Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ**
**„ВЛИЈАНИЕ НА КОНТАМИНАЦИЈА (ЧИСТОТА) НА ИМПЛАНТНАТА ПОВРШИНА И МЕДИЦИНСКИОТ СТАТУС ВРЗ ИМПЛАНТНИОТ УСПЕХ (IN VITRO)“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП**

Со Одлука број 0206-680/17 од 19.9.2025 година, донесена на 104. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „**ВЛИЈАНИЕ НА КОНТАМИНАЦИЈАТА (ЧИСТОТА) НА ИМПЛАНТНАТА ПОВРШИНА И МЕДИЦИНСКИОТ СТАТУС ВРЗ ИМПЛАНТНИОТ УСПЕХ (IN VITRO)“„ /„IMPACT OF CONTAMINATION(CLEARNESS) OF THE DENTAL IMPLAT SURFACE AND MEDICAL STATUS ON IMPLANT SUCCESS (IN VITRO)“**, пријавена и изработена од д-р Љупка Арсовски, на специјализација по орална хирургија, студент на трет циклус студии на студиската програма *Базични и клинички истражувања во дентална медицина,* во следниов состав:

- **проф. д-р Киро Папакоча – претседател,**
- **проф. д-р Софија Царчева-Шаља – член (ментор),**
- **проф. д-р Даниела Велеска-Стевковска – член (екстерен ментор),**
- **проф. д-р Едвард Јанев – член,**
- **проф. д-р Рубин Гулабоски – член.**

Комисијата во наведениот состав го разгледа целокупно доставениот материјал и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на докторската дисертација**

Докторската дисертација со наслов „**ВЛИЈАНИЕ НА КОНТАМИНАЦИЈАТА (ЧИСТОТА) НА ИМПЛАНТНАТА ПОВРШИНА И МЕДИЦИНСКИОТ СТАТУС ВРЗ ИМПЛАНТНИОТ УСПЕХ (IN VITRO)“/ „IMPACT OF CONTAMINATION (CLEARNESS) OF THE DENTAL IMPLAT SURFACE AND MEDICAL STATUS ON IMPLANT SUCCESS (IN VITRO)“**, која е пријавена и изработена од д-р Љупка Арсовски и е напишана на 166 страници, А4 формат, со 18 слики, 20 табели, 27 графикони и 39 библиографски единици. Содржината на трудот опфаќа 8 поглавја по следниов редослед: *Вовед, Преглед на литература, Цели на истражувањето, Материјал и метод, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Користена литература.*

Во првиот дел *Вовед* кандидатката д-р Љупка Арсовски потенцира дека за да биде успешен процесот на имплантација, имплантот поставен во коската на пациентот треба да биде изработен од биокомпатибилен материјал. Тоа значи дека материјалот треба да биде биолошки инертен, односно да не се менува во коската, да биде постојан, биолошки толерантен, значи истиот да не предизвикува реакција антиген-антитело, потоа материјалот треба да е инертен електрички и магнетски, а тоа значи да се создава галванска струја или магнетно поле. Денес со напредокот на денталната имплантологија се докажало дека најдобар материјал за изработка на имплантите е титаниумот, така што денешните импланти се изработуваат од титаниум или легури на истиот.

Вториот дел *Преглед на литературата* ги опфаќа литературните податоци за оваа проблематика кои беа добиени со пребарувањето на базите на податоци кои имаат оригинални трудови, ревијални прегледи и епидемиолошки студии изведени во европските држави и светот, објавени на англиски јазик во базите на Scopus, Google Scholar и Pubmed во последните 30 години. Пребарувањето е изведено според клучните зборови: имплант, неуспех, остеоинтеграција, периимплантит, успех. Употребени се податоци кои се однесуваат само на темата која е цел на истражувањето, како и одредени делови кои имаат за цел дополнување на анализата. Кандидатката на почеток дава осврт на материјалите кои се користат за изработка на дентални импланти, како и процесот на чистење на имплантите пред пуштање во продажба. Понатаму дава осврт на влијанието на контаминацијата на површината на денталниот имплант врз процесот на остеоинтеграцијата, односно потенцијалниот ефект на материјалот врз периимплантитисот како воспаление кое може да се појави по поставувањето на имплантот во коска. Особена важност, потенцира д-р Љупка Арсовски треба да се посвети внимание на начинот на чистење на денталниот имплант. На крајот од прегледот на литературата се осврнува на можните последици и компликации од контаминираната површина на денталниот имплант.

Во третиот дел *Цели на истражувањето* како цели беа поставени:

- Споредба на имплантните површини на нови (стерилни) импланти со отфрлени (неуспешни) импланти - детекција на контаминација;
- Контрола на квалитет и чистота на имплант;
- Влијание на материјалот од кој се изработени имплантите врз остеоинтеграцијата;
- Влијание на чистотата на имплантната површина врз успехот на имплантација;
- Причини за неуспех на имплантацијата и губење на имплантот.

Нулта хипотеза / Х0 – Биолошкиот одговор на периимплантните ткива зависи од степенот на чистота на имплантната површина и модификациите на истата.

Хипотеза 1 / Х1 – Постои разлика од еден до друг имплантолошки систем, односно сите импланти имаат различни методи за модификација на имплантна површина (микродизајн на имплантите)

Хипотеза 2 / Х2 - Постои разлика во обработување, односно чистење на денталните импланти пред пуштање во продажба.

Во четвртиот дел за реализација на детерминираните цели и хипотези д-р Љупка Арсовски ги презентира *Материјал и методи* кои беа применети. Материјалот за оваа студија се состоеше од испитување на површината на дентални импланти со помош на електронски микроскоп, така што беа испитани вкупно 50 импланти, од кои 30 се контролна група. Анализа на сите импланти и нови и паднати беа испитувани со помош на SEM електронски микроскоп, кој овозможи да се гледаат примероците со резолуција помала од 5 nm, истовремено електронскиот микроскоп ни дава хемиска анализа на елементи кои се присутни на површината на денталниот имплант, со SE или BSE детектор, кој може да детектира елементи од Be до Pu, максимална резолуција 125eV. Со користење на оваа метода се покажа квалитативна и квантитативна хемиска анализа на поставениот примерок.

Во петтиот дел се прикажани *Резултати,* систематизирани преку табеларни и графички прикази.

Студијата беше имплементирана во два дела. Првиот дел истражувањето се однесуваше на согледување на контаминацијата/ чистотата на имплантната површина врз успехот на имплантацијата. Согласно со поставените инклузиони и ексклузиони критериуми, денталните импланти во примерокот на истражувањето беа селектирани по метод на прост случаен избор (Random Sampling). Во рамките на истражувањето беа обработени вкупно 50 импланти/ имплантни површини од кои 30 беа отфрлени импланти (испитуваната група), а 20 беа нови импланти (контролната група). Вториот дел претставуваше анкетно истражување на 30 професионалци во областа за нивните искуства во врска со имплантите. За овој дел беше употребен посебно за оваа цел конструиран прашалник од 16 прашања. Во рамките на истражувањето, процентуалната разлика во застапеност на имплантите според вид (нови/ отфрлени) беше сигнификантна за Difference test: 20% [(0,46-37,52) 95% CI]; p=0,0466) во прилог на сигнификантно поголема застапеност на отфрлените импланти. Дополнително, анализата според класа на имплантите (висока/ ниска) укажа на присуство на 17 (34%) импланти од висока класа и на 33 (66%) импланти од ниска класа. Процентуалната разлика во застапеност на имплантите според класа (висока/ ниска) беше сигнификантна за Difference test: 32% [(12,42-48,35) 95% CI]; p=0,0015) во прилог на сигнификантно поголема застапеност на импланти од ниска класа.

Направена беше анализа според комбинација на видот и класата на имплантите вклучени во истражувањето. Согледано беше дека: а) од вкупно 17 импланти од висока класа, 8 (47,06%) беа нови, а 9 (52,94%) беа отфрлени импланти. Немаше сигнификантна разлика во процентуалната застапеност на имплантите од висока класа во однос на видот (нови/ отфрлени) за Difference test: 5,88% [(-25,20-35,43) 95% CI]; p=0,7355); и б) Од 33 импланти од ниска класа 12 (36,36%) беа нови, а 21 (63,64%) беа отфрлени со сигнификантно поголема процентуалната застапеност на ниска класа отфрлени импланти за Difference test: 27,28% [(3,21-47,33) 95% CI]; p=0,0278).

Анализата на контаминацијата на имплантната површина беше направена од аспект на присуство/ отсуство на 19 елементи потенцијални контаминатори, како и според степенот на контаминација класифициран во три категории (нема/ мала/ голема).

Обработено беше присуството на следните елементи: титаниум, кислород, водород, натриум, калциум, сицилиум, железо, калиум, фосфор, цинк, јаглерод, магнезиум, злато, сулфор, хлор, алуминиум, ванадиум, молибден и бизмут.

Во шестото поглавје насловено како *Дискусија* кандидатката д-р Љупка Арсовски на суптилен и детален начин продолжува со споредбата на добиените резултати, ги коментира и објаснува, и критички се осврнува со споредба на резултатите од авторите кои се објавени за оваа проблематика, паралелно со сознанијата според достапната стручно-научна литература.

Во седмото поглавје *Заклучоци* се потенцира дека хемиските елементи на површината на денталниот имплант играат клучна улога во успехот на имплантацијата. Титаниумот е основен избор за импланти поради неговата биокомпатибилност и долготрајност, додека додавањето на елементи како

калциум, фосфор, цинк, магнезиум и сребро може значително да го подобри процесот на остеоинтеграција, да ја зголеми стабилноста и да го намали ризикот од инфекции. Но заклучокот од оваа докторска дисертација е дека секој од овие елементи може да предизвика негативно влијание ако е присутен во несоодветна концентрација или форма. Потребно е внимателно да се контролира нивната количина во биолошки или технички апликации, при порцесот на имплантацијата.

Во осмото поглавје *Користена литература* се презентирани библиографските единици, вкупно 39, повеќето од последните 15 години.

**Научен и апликативен придонес**

Во согласност со поставените цели и хипотези, а врз основа на спроведениот протокол за работа, како и по извршените статичките методи на анализа и компарација, презентирани во докторската дисертација, нивната поткрепа со оригинални слики, илустрации и врз база на статистички обработените и прикажани резултати од истражувањето во оваа докторска дисертација дава за право да биде оценет со највисока оценка, бидејќи темата и методологијата е современа и актуелна и е иновативна технологија во оралната хирургија и денталната медицина.

Предвидените цели и хипотези во целост се според приложените цели во пријавата, како и применетата методологија за реализација на испитувањата. Начинот на прикажување и толкување на резултатите од истражувањето е оригинален и дециден, а толкувањето на резултатите објективно, коешто му дава научна и апликативна важност на докторскиот труд од д-р Љупка Арсовски. Направено е компарирање во поглавјето *Дискусија* и изведени се *заклучоци и препораки* што се во согласност со истражувачките цели.
Докторската дисертација ја нагласува важноста на соодветниот избор на дентални импланти секојдневната пракса од страна на докторите/специјалисти по орална хирургија.

Докторската дисертација преку заклучоците ја нагласува важноста на специфичниот индивидуален пристап и се очекува истите да имаат значаен научен придонес во прогнозата на специфичниот тераписки третман и изборот на дентални импланти, коешто недостасува во денталната литература.
Финално може да се сумира дека познавањето на денталните импланти претставува појдовен момент за избор на соодветен третман. За оваа проблематика се уште во светската стручна јавност многу се зборува, пишува и темата е актуелна во научните кругови. Токму поради тоа научниот придонес на истражувањата во докторската дисертација е со намера да бидеме во чекор со времето, а очекуваме дека истите ќе предизвикаат интерес и потреба за нови истражувања на оваа проблематика.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Кандидатката д-р Љупка Арсовски пред одбраната на докторската дисертација ги објавила следниве научни трудови (рецензирани научноистражувачки трудови кои се резултат на истражувањата во рамките на изработката на докторската дисертација, објавени во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации):

Arsovski, L., Carceva-Salja, S., Veleska-Stefkovska, D., Petrovski, M., Papakoca, K., Boev, I., & Ristova Delipetrev, M. (2024). Modifications on the

dental implant surfaces and their influence on the osseointegration process. *Acta Stomatologica Naissi, 40*(89), 2749–2757. https://doi: 10.5937/asn2489758P.

Arsovski, L., Carceva-Salja, S., & Veleska-Stefkovska, D. (2025). Contamination of dental implants as a factor in the success/failure of the implantation process. *Knowledge - International Journal, 71*(4), 375–378. https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7732.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка детално ја разгледа докторската дисертација со наслов **„Влијание на контаминацијата (чистота) на имплантната површина и медицинскиот статус врз имплантниот успех (in vitro)“ / „Impact of contamination (clearness) of the implant surface and medical status on implant success (in vitro)“**, пријавена и изработена од кандидатката д-р Љупка Арсовски и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран, јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и со оригинални резултати од областа имплантологија, дентална медицина.

Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научен совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов **„Влијание на контаминацијата (чистота) на имплантната површина и медицинскиот статус врз имплантниот успех (in vitro)“ / „Impact of contamination (clearness) of the implant surface and medical status on implant success (in vitro)“**, пријавена и изработена од кандидатката д-р Љупка Арсовски и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Киро Папакоча, претседател,
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.

Проф. д-р Софија Царчева-Шаља, член и интерен ментор,
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.

Проф. д-р Даниела Велеска-Стевковска, член и екстерен ментор,
Стоматолошки факултет, Универ. „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.

Проф. д-р Едвард Јанев, член, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, с.р.

Проф. д-р Рубин Гулабоски, член,
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „СОВРЕМЕН ПРИСТАП ВО НЕГАТА НА БОЛНОТО ДЕТЕ” ОД НАСЛОВЕН ВОНР. ПРОФ. Д-Р АНЕТА ДЕМЕРЏИЕВА, НАСЛОВЕН ДОЦ. Д-Р БИЛЈАНА ЧОНЕСКА-ЈОВАНОВА, ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ДИМИТРОВСКА-ИВАНОВА И НАСЛОВЕН ДОЦ. Д-Р СНЕЖАНА ПАЛЧЕВСКА-КОЦЕВСКА**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2002-207/7 од 20.8.2025 година на 344. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.8.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- академик д-р Нада Поп Јорданова, редовен професор во пензија за наставно-научната област педијатрија, според меѓународната Фраскатиева класификација и
- проф. д-р Катарина Ставриќ, редовен професор на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, избрана во наставно-научната област семејна медицина според меѓународната Фраскатиева класификација

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„СОВРЕМЕН ПРИСТАП ВО НЕГАТА НА БОЛНОТО ДЕТЕ”** од авторите **насловен вонр. проф. д-р Анета Демерџиева, насловен доц. д-р Билјана Чонеска-Јованова, доц. д-р Марија Димитровска-Иванова и насловен доц. д-р Снежана Палчевска-Коцевска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Високата медицинска школа, насока Медицинска сестра/техничар на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов **„СОВРЕМЕН ПРИСТАП ВО НЕГАТА НА БОЛНОТО ДЕТЕ”** припаѓа во научната област педијатрија, според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Современ пристап во негата на болното дете” од авторите насловен вонр. проф. д-р Анета Демерџиева, насловен доц. д-р Билјана Чонеска-Јованова, доц. д-р Марија Димитровска-Иванова и насловен доц. д-р Снежана Пелчевска-Коцевска е наменет за студентите на Високата медицинска школа, насока Медицинска сестра/техничар на Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за предметот Педијатрија со нега, со предвидениот број на часови 3+3+1 кој студентите го изучуваат во шестиот семестар.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот „Современ пристап во негата на болното дете” од авторите насловен вонр. проф. д-р Анета Демерџиева, насловен доц. д-р Билјана Чонеска-Јованова, доц. д-р Марија Димитровска-Иванова и насловен доц. д-р Снежана Пелчевска-Коцевска

е даден на 60 страници, А4-формат, со проред 1 и со големина на букви 11. Обемот на овој ракопис по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Оваа скрипта е прва од ваков вид за студентите од Високата медицинска школа, насока Медицинска сестра/техничар, но истата е современа и нуди насоки и современи правила што треба да се почитуваат, со цел грижата за детето да биде адекватна на неговите потреби, но и на потребите на медицинската состојба што се третира во дадениот момент.

**Краток опис на содржината:** Педијатриската нега е специјализирана област на медицинската професија која има бројни специфичности, бидејќи се работи за пациенти што се во раст и развој, со бројни динамични промени. Сите оние кои ќе одлучат да работат со дете треба да работат со љубов, но и со многу познавање на детските потреби и медицинските состојби што бараат посебен пристап и третман. Оваа скрипта треба да биде само вовед во сето она што медицинските работници треба да го имаат како основно познавање во секојдневната пракса.

Напишана е на 60 страници и поделена на 8 поглавја и на крај литература. Во сите 8 поглавја се наведени медицинските интервенции што се спроведуваат во секојдневната пракса со болното дете, но со посебен осврт на комуникацијата како со детето така и со родителот.

**Поглавје 1: Основни начела во пристапот кон болното дете.** Авторите даваат опис на основните правила во пристапот кон болното дете - опсервација на клиничката состојба, мерење на телесните параметри, внимателен разговор со родителот, внимателно барање на тригерот за актуелната состојба, барање на знаци за евентуална злоупотреба на детето и многу внимателно ракување со терапијата која му се дава на детето.

**Поглавје 2: Што е проценка на здравствената состојба на детето и со каква цел се изведува?** Авторите потенцираат дека проценката треба не само да го идентификува здравствениот проблем, туку и да овозможи изготвување на план за нега и третман, се разбира зависно од препораките на ординирачкиот доктор. Во цела таа постапка треба да се внимава на возраста на детето, придржување кон принципите на приватност и достоинство, проценка на анамнестичките податоци и објективните знаци на нарушено здравје.

**Поглавје 3: Проценка на физичкото здравје.** Во детството, според авторите, се започнува со мерење на телесната температура, се прави проценка на функцијата на кардиоваскуларниот систем, проценка на функцијата на респираторниот систем, невролошка проценка и проценка на нивото на гликемијата во крвта. Сликовито се објаснети проценките на секој систем посебно, со посебен акцент на важноста на одредени постапки или интервенции, како што се на пример - правење на електрокардиограм, мерење на крвен притисок и време на полнење на капиларите, одредување на бројот на респирации, нивото на свесност, нотирање на знаци за хипергликемија или хипогликемија.

**Поглавје 4: Карактеристики на нормалниот раст и развој.** Во ова поглавје авторите ја потенцираат важноста на точните мерења на висината,

должината, тежината и обемот на главата и градите како витален дел во целокупната проценка на доенчето и детето со цел да се обезбеди здравје, да се идентификува нутритивниот статус и да се идентификува влијанието на болеста врз детето. Во понатамошниот тек авторите ги опишуваат нормалните развојни карактеристики на секој период посебно – новородено, доенче, мало дете (втората и третата година од животот), предучилишно и училишно дете.

**Поглавје 5: Отстапувања од растот.** Во ова поглавје авторите ги објаснуваат најчестите состојби што може да дадат отстапување од нормалниот раст и какво е нивното влијание врз детето во моментот на неговата проценка.

**Поглавје 6: Методи на лекување.** Авторите во ова поглавје детално ги објаснуваат принципите на асептична апликација на лекови, принципите на болничко згрижување на деца и младинци, односот медицинска сестра/техничар и пациент и факторите битни за комуникацијата со пациентот. Посебен акцент за добра комуникација е внимавање на возраста на пациентот, околината во која се комуницира со детето и семејството, но и познавање на сите елементи на правилна невербална комуникација правилен телесен став, соодветен контакт со очи и отсуство на напнатост и стрес во однесувањето.

**Поглавје 7**: **Детекција на пречки во развојот.** Авторите сметаат дека современиот начин на живот во кој многу малку постои семеен живот, постојаната трка по обезбедување на доволно средства за егзистенција на семејството, но и се подолгата професионална ангажираност на родителите ја потиснуваат грижата за децата во втор план. Факт е дека се почесто очигледни елементи на развојно доцнење родителот не ги забележува или смета дека детето ќе ги надмине сами по себе. Од посебна важност е медицинскиот персонал да ги препознае отстапувањата од менталното здравје на децата што бара знаење и вештина, посебно затоа што не постојат две исти деца.

**Поглавје 8**: **Дете со пречки во развојот.** Ова поглавје ги разработува различните аспекти на развојно отстапување во четири сфери: физичка попреченост, доцнење во менталниот развој, дисфункционално однесување/емоционална дисрегулација и сензорни оштетувања. Авторите се обидуваат да ги објаснат најчестите причини за развојно отстапување и задолжителните информации што треба да ги добие медицинското лице во обработката на овие деца. На крај, авторите ставаат посебен акцент на неколку најчести дијагнози – аутистичен спектар на нарушување, церебрална парализа, опозиционерско-пркосно растројство и најчестите сензорни нарушувања – проблеми со слухот и видот.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот „СОВРЕМЕН ПРИСТАП ВО НЕГАТА НА БОЛНОТО ДЕТЕ" од авторите насловен вонр. проф. д-р Анета Демерџиева, насловен доц. д-р Билјана Чонеска-Јованова, доц. д-р Марија Димитровска-Иванова и насловен доц. д-р Снежана Пелчевска-Коцевска е наменет за студентите на Високата медицинска школа, насока Медицинска сестра/техничар на Факултетот за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Текстот е концизен, напишан на јасен, разбирлив јазик што ја прави оваа скрипта лесно прифатлива за читателот. Со оглед дека во образованието на медицинскиот кадар секогаш е добредојдено едукативно помагало на македонски јазик за нега на болно дете, сметаме дека ова учебно помагало ќе има свое место во

образовнот процес и ќе придонесе за напредок во знаењата, вештините и ставовите на медицинските сестри и техничари.

Врз база на горекажаното, а врз основа на стандардите, критериумите и индикаторите предвидени со методологијата за вреднување и објавување на учебници, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ракописот **„Современ пристап во негата на болното дете"** од авторите **насловен вонр. проф. д-р Анета Демерџиева, насловен доц. д-р Билјана Чонеска-Јованова, доц. д-р Марија Димитровска-Иванова и насловен доц. д-р Снежана Пелчевска-Коцевска** да го прифати за објавување во е-библиотеката на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип**.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Академик д-р Нада Поп Јорданова, редовен професор, с.р.
Д-р Катарина Ставриќ, редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ "MODERN TECHNOLOGIES IN ENGLISH LANGUAGE TEACHING" („МОДЕРНИ ТЕХНОЛОГИИ ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК") ОД ДОЦ. Д-Р СИМОНА СЕРАФИМОВСКА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр. 1902-179/4 од 313. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 13.8.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Нина Даскаловска, редовен професор, Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- д-р Брикена Цафери, редовен професор, Факултет за јазици, култури и комуникација при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **"MODERN TECHNOLOGIES IN ENGLISH LANGUAGE TEACHING"** („**МОДЕРНИ ТЕХНОЛОГИИ ВО НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК**") од **доц. д-р Симона Серафимовска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „Модерни технологии во наставата по англиски јазик" припаѓа во научната област методика на наставата по јазик (6.02.01.32), според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот (скрипта), Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Основи податоци за ракописот:** Скриптата со наслов "Modern technologies in English Language Teaching" („Модерни технологии во наставата по англиски јазик") е наменета за истоимениот предмет од VII семестар на студиската програма Англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Како комплементарен ресурс треба да им послужи на наставничкиот кадар и на студентите за проширување на компетенциите во областа на компјутерски-асистираното учење, образовната аналитика и генеративната вештачка интелигенција, теми што современите наставни планови ги препознаваат како клучни за формирање на дигитално писмен и педагошки иновативен професионалец.

Според интерниот силабус, предметот се реализира во еден семестар, со типичен фонд од 2+1+1 часови неделно, што овозможува рамномерно распределување на теоретските концепти и практичните апликации. Студентите се воведуваат во системот на освојување на новите технологии во изучувањето на англискиот јазик како тренд во модернизацијата на едукативниот процес, како и принципите на TPACK-AI и SAMR-AI, се анализираат алатки како Duolingo Max, ELSA Speak и Canvas Q Chat.

Ракописот е целосно усогласен со наставната програма, бидејќи ги покрива предвидените резултати од учењето: разбирање на технолошките трендови во наставата, критичка евалуација на дигитални ресурси и развој на аналитички пристап кон едукативните податоци.

Оценката на приложениот ракопис е позитивна, бидејќи скриптата ги следи насоките на наставната програма и прецизно ги структурира областите кои се дел од програмата за истоимениот предмет. Текстот е добро структуриран, јасен и лесен за следење.

**Податоци за обемот на ракописот**: Ракописот „Модерни технологии во наставата по англиски јазик" брои 76 нумерирани страници во А4 формат. Содржината е распоредена во десет тематски поглавја (1–10), по што следуваат референци и авторски биографски податоци. Во рамките на текстот се вклучени илустративни табели, прикази што го збогатуваат теоретскиот дел со визуелна поддршка. Обемот е целосно усогласен со фондот на предвидени часови неделно за еден семестар: секое поглавје покрива по една наставна недела. Ваквиот тип на распределба ги исполнува критериумите од Правилникот за издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" и обезбедува балансиран однос меѓу теорија, практични примери и критичка анализа, со што ракописот ги исполнува образовните цели на предметот.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** До овој момент не е објавена скрипта или друг ракопис со ист или сличен наслов кој ја покрива оваа тематика и е наменет за студентите на Филолошки факултет. Иако постојат меѓународни учебници кои обработуваат слична тематика, тие не се целосно усогласени со наставната програма на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип и не ги адресираат специфичните потреби на студентите по англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет за кои е наменета оваа скрипта. Поради тоа, постои реална потреба од објавување на поднесениот ракопис, кој е создаден во согласност со барањата на наставната програма и ги покрива сите клучни примери релевантни за студентите.

**Краток опис на содржината:** Скриптата е поделена во вкупно десет поглавја. Првото поглавје носи наслов Вовед. Во ова поглавје читателот првично се запознава со концептот на модерни образовни технологии и нивната трансформативна улога во наставата по англиски јазик. Детално се објаснува што подразбира терминот „дигитална технологија" во педагошки контекст, спектар на алатки и платформи кои овозможуваат интерактивно и персонализирано учење. Нагласена е клучната предност на технологиите: еластичноста, можноста да се приспособат на различни стилови на учење и да се интегрираат во формални и неформални образовни средини. Дополнително, се разгледуваат главните категории на ресурси од компјутерски асистирано учење (CALL) и мобилни апликации до генеративна вештачка интелигенција (GenAI).

**Второ поглавје**: Во ова поглавје авторката ја поставува дигиталната писменост како темелна компетенција за наставникот по англиски јазик во 21 век. Најнапред се дефинира улогата на дигиталната писменост како алатка за збогатување на наставата и се опишува како посредник меѓу технологијата, комуникацијата и индивидуалните потреби на студентите. Потоа се дискутираат критичните предизвици при нејзината имплементација, од нееднакви технолошки ресурси до педагошки бариери и се даваат насоки за адаптирање на наставните активности кон разнородни групи на учесници.

**Трето поглавје**: Ова поглавје го позиционира интернетот како глобална мрежа за отворена комуникација, размена на знаење и неограничен пристап до ресурси, објаснувајќи дека современиот живот и образованието се

незамисливи без неговите услуги. Авторката го нагласува образовниот потенцијал на интернетот: брз и лесен пристап до информации, можност за поврзување професори и студенти на различни локации и создавање заедници за меѓусебно учење и професионален развој. Особено внимание му се посветува на YouTube како медиум што, во синергија со интернетот, овозможува автентични видеоматеријали за развој на јазични вештини, мотивација и културна свест.

Во поглавјето се заклучува дека интеграцијата на интернет-ресурси во наставата по англиски јазик е клучна за модернизација на наставните практики и за создавање богато и флексибилно учење.

**Четврто поглавје**: Во ова поглавје се објаснува како компјутерот еволуира од статичен лабораториски уред во пренослив „јазол" што ги спојува LMS-системите, видеоконференциите и облак-базираните веб-сервиси, овозможувајќи автономно и аналитички поткрепено учење. Во поглавјето се нагласува дека токму компјутерот, надграден со генеративна AI, останува темел на сите нови педагошки иновации во иднина.

**Петто поглавје:** Поглавјето носи наслов *Водечки платформи за унапредување на изучувањето на англискиот јазик*. Во фокусот се критериумите за одговорен избор на дигитални алатки и краток преглед на најкористените веб-платформи, мобилни апликации и AI-асистенти, со акцент на нивната мултимодалност, адаптивна повратна информација и поддршка за micro-learning. Во поглавјето се заклучува дека правилно интегрираните платформи значително ја зголемуваат мотивацијата, точноста и автономијата на студентите, под услов да се применуваат во рамки што ги почитуваат педагошките цели и дигиталната еднаквост.

**Шесто поглавје:** Во поглавјето се прави преглед на конкретниот дигитален „арсенал" што го потпира целокупниот теоретски дел: од првите аудио и видео материјали, преку интерактивни блогови и дигитални енциклопедии како Wikipedia, до креирање сопствени веб-сајтови. Низ ова движење од пасивно кон активно учење, авторката покажува како секоја алатка се претвора во простор за продуктивна јазична практика и критичко размислување.

**Седмо поглавје:** Ова поглавје е посветено на терминот *blended learning*, водечка педагошка парадигма по пандемијата: јадро составено од настава лице в лице, збогатено со онлајн компоненти што им овозможуваат флексибилност и персонализација на студентите. Поглавјето ги опишува новите улоги на наставникот како дизајнер и валидатор и резимира истражувања што документираат повисока мотивација, поинтензивна интеракција и мерлив напредок во сите јазични вештини со примена на методите на *blended learning*.

**Осмо поглавје:** Ова поглавје се однесува на можноста за учење на далечина кај ученици од основно и средно образование. Авторката ја следи еволуцијата во овој домен и детално објаснува како структурата, социјалната присутност и навремената повратна информација се пресудни за успех. Поглавјето нуди практични насоки за далечинско учење што спојуваат автономија со поддршка и се нагласува дека етичките критериуми, приватноста и воспоставените стандарди (ЕУ AI Act, UNESCO) се неизоставен дел од секој онлајн курс.

**Деветто поглавје**: Во поглавјето се  разгледуваат смартфоните како „џебна училница“, што го ослободува учењето од просторни и временски ограничувања. Авторката покажува дека мобилното учење (M-learning) им овозможува на учениците  моментален пристап до речници, видеа и интерактивни апликации, а истовремено ги охрабрува да создаваат и споделуваат сопствени материјали.

**Десетто поглавје**: Последното поглавје ја прикажува вештачката интелигенција како логична кулминација на дигиталната трансформација: генеративни LLM-асистенти за пишување, анализа на изговор преку длабоки мрежи и аналитички модели што предвидуваат активност на студентите. Во поглавјето се истакнува дека автоматизираната оценка добива вистинска педагошка вредност само кога се претвора во формативен дијалог и предупредува на регулативите кои се донесени од страна на ЕУ (ЕУ AI Act, UNESCO). Авторката завршува со трендови како AI агенти, нагласувајќи дека AI е катализатор, а не замена за човечката креативност.

**ЗАКЛУЧОК**

Ракописот “Modern technologies in English language Teaching” („Модерни технологии во наставата по англиски јазик“) претставува содржински богат и методолошки современ наставен материјал што ги опфаќа клучните аспекти на дигиталната трансформација на јазичното образование: од основите на дигиталната писменост и веб-платформите, преку мобилното учење, до најновите апликации на вештачката интелигенција во оценувањето и персонализацијата на наставата. Научните квалитети на скриптата се на соодветно ниво, авторката успева јасно, концизно и академски да ги објасни и најкомплексните технолошки поими, поддржувајќи ги со релевантни истражувања и актуелните етички стандарди.

Педагошката вредност е особено изразена: содржината е строго усогласена со предвидената програма за предметот, логично организирана што овозможува колаборативно учење и автономност кај студентите. Визуелните прилози и конкретните примери со Duolingo Max, ELSA Speak и GPT-поддржани алатки го олеснуваат разбирањето и ја демонстрираат примената во реални наставни ситуации.

Со оглед на обемот, целната група и директната примена во наставниот процес на Студиската програма англиски јазик и книжевност, скриптата целосно ги исполнува критериумите за категоријата „универзитетска скрипта“. Врз основа на наведените научни и педагошки вредности, како и согласно со стандардите и критериумите утврдени во Правилникот за издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија едногласно му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да го прифати ракописот за објавување во електронската библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

Д-р Нина Даскаловска, редовен професор, с.р.

Д-р Брикена Џафери, редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ДИЗАЈН И КРЕИРАЊЕ НА ЖЕНСКА ОБЛЕКА” ОД ВОНР. ПРОФ. Д-Р САЊА РИСТЕСКИ, ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2302-103/7 од 30.9.2025 година, донесена на 192. редовна седница на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет, одржана на 30.9.2025 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- вонр.проф. д-р Соња Јордева, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,
- вонр. проф. д-р Сашка Голомеова-Лонгурова, Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **е-учебник ,,Дизајн и креирање на женска облека” од вонреден проф. д-р Сања Ристески**, наменет за студентите на прв циклус студии на Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов **„Дизајн и креирање на женска облека”** припаѓа во научната област технологија на облека (2.11.06.04), според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот за е-учебник: Насловот на ракописот за е-учебник е „Дизајн и креирање на женска облека”, а предметот е со наслов Креирање на облека и се слуша во IV (четврти) семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 2+2+1 на студиската програма Дизајн и технологија на текстил и облека, прв циклус. Материјалот** целосно ја опфаќа содржината предвидена за студиската програма за којашто е наменет. Е-учебникот е концепциски усогласен со темите и целите на предметот, овозможувајќи им на студентите да стекнат потребни теоретски знаења и практични вештини за дизајнирање и изработка на женска облека.

**Податоци за обемот на ракописот: Материјалот е презентиран на 191 страница во А4 формат, со нормален проред, во 4 главни тематски поглавја, а содржи 124 фотографии. Обемот на ракописот за е-учебник по содржина ги задоволува критериумите, според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Постои ракопис под наслов „Креирање на облека” е-скрипта од авторите** Ванѓа Димитријева-Кузманоска, Сања Ристески, ISBN: 978-608-244-427-7, со број на страници 130, издадена во 2017 година на македонски јазик.

**Краток опис на содржината: Презентираниот материјал во трудот** е систематски организиран и јасно структуриран во четири главни целини на

вкупно 191 страница. Учебникот е методолошки солидно осмислен и го следи текот на наставната програма по предметот *Креирање на облека*, почнувајќи од теоретските основи на модниот дизајн, преку конструкцијата и моделирањето на основните кроеви, технологијата на изработкатата до практичната примена на стекнатите знаења во реални модни проекти.

Во **првата целина**, насловена *Историја на модниот дизајн*, авторката ги разработува основните концепти на дизајнот и модата, при што го истакнува нивниот заемен однос и влијание. Подетално се анализираат видовите и елементите на модниот дизајн, процесот на креирање колекција, како и воведот во креирање на облеката преку дефинирање и мерење на телесни мерки - како значајни параметри при дизајнирање и изработка на облека. Целината авторката ја заокружува со објаснување за конструкцијата на кроевите, фазите на кроење и постапките при шиење на готови модели.

**Втората целина**, *Конструкција на основни кроеви*, е насочена кон практичната примена на теоретските сознанија. Во неа се прикажани постапките за изработка на основни кроеви за здолништа, панталони и блузи, технологијата на нивна изработка и моделирање. Авторката вклучува и осврт на соодветните текстилни материјали, како и анализа на конструкцијата на женски блузи со разновидни јакни, изрези и облици на ракави, со што се овозможува целосен увид во процесот на конструкција и моделирање на женска облека.

**Третата целина**, *Постапка на градирање на кројни делови*, ги опфаќа принципите и методите за градирање на некои од основните кројни делови на женска облека. Авторката јасно ја прикажува постапката на градирање на здолниште со четири вшитоци, долг и краток женски ракав од еден дел, како и на женски панталони, при што е даден структуриран и визуелно разбирлив приказ на процесот.

Во **четвртата целина**, *Практичен дел*, се прикажува примената на теоретските знаења во реални модни реализации. Авторката преку студентски модни колекции, како *„Еклектик“*, *„NO for Waste - YES for Art“*, *„Пандемизам“*, *„Културно наследство“* и *„Во светот на бајките“*, го демонстрира целиот процес - од појдовна идеја до финална реализација на моден производ. Со тоа се нагласува интеграцијата на креативноста, техничката подготвеност и практичната изведба, што претставува значаен придонес во наставниот процес и развојот на студентските компетенции.

Севкупно, содржината на учебникот е сеопфатна, методолошки јасна и педагошки насочена**,** при што успешно се поврзуваат теоријата и практиката во процесот на дизајнирање и креирање на женска облека.

Учебникот е наменет, пред сè, за студентите кои го слушаат предметот Креирање на облека, со цел да им овозможи полесно и поедноставно совладување на предвидената материја согласно со наставната програма. Во текот на наставниот процес, студентите се упатуваат да користат податоци, илустрации и фотографии презентирани во учебникот, кои не само што ќе придонесат за подобро разбирање на содржината и практичната примена на теоретските знаења, туку ќе ја поттикнат и нивната креативност и индивидуален пристап кон дизајнот. Материјалот е јасно систематизиран и претставен во форма и обем кои овозможуваат јасен преглед на развојот на модниот дизајн - од историскиот контекст до современите форми на дизајн.

Бројните историски податоци и примери се внимателно селектирани, при што се издвоени најзначајните темелни кроеви и слики коишто имаат едукативна и илустративна вредност. Начинот на кој се претставени текстилните кроеви е јасен, систематичен и визуелно разбирлив.

Процесот на креирање на облека, како еден сложен процес во учебникот е поткрепен со фотографии и скици, преку кои се овозможува полесно разбирање и совладување на материјалот. На овој начин на корисникот на овој труд му се дава јасен преглед за тоа што значи дизајнот, која е постапката за креирање на облека и фазите на изработка. Преку практичниот дел, читателот се поттикнува да ги примени стекнатите теоретски знаења и да развие сопствени креативни решенија во областа на модниот дизајн.

На крајот од ракописот се наведени изворите на литература користени при изработката на учебникот, како и кратки биографски информации за авторот.

**ЗАКЛУЧОК**

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот со наслов „Дизајн и креирање на женска облека" е-учебник, пријавен од авторката вонреден професор д-р Сања Ристески, е изработен во согласност со програмската содржина на предметот за којшто е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе претставува значаен придонес за студентите во совладувањето на наставните содржини.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет да го прифати рецензираниот ракопис за е-учебник со наслов „Дизајн и креирање на женска облека", пријавен од авторката вонр. професор д-р Сања Ристески и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензиран е-учебник, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Соња Јордева, вонреден професор, с.р.
Д-р Сашка Голомеова-Лонгурова, вонреден професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | На македонски јазик | На англиски јазик | | |
| **ЕФ** | Бр.0206-728/9 од 8.10.2025 г. | „Улогата на монетарната политика во услови на глобални финансиски кризи со посебен осврт на глобалниот раст на инфлацијата - случајот на Република Северна Македонија“ | „The role od monetary policy in the context of global financial crises with special emphasis on the global rise of inflation- the case of the Republic of North Macedonia“ | Проф. д-р Влатко Пачешкоски, интерен ментор; проф. д-р Искра Станчева-Гигов, екстерен ментор | Филип Тасковски |
| **ФТБЛ** | Бр.0206-728/8 од 8.10.2025 г. | „Фактори кои влијаат врз човечкиот потенцијал како предуслов за квалитетно хотелиерство“ | „Factors Influencing Human Potencial al a Prerequisite for Quality Hotel Management“ | Проф. д-р Елизабета Митрева, интерен ментор; проф. д-р Неда Петроска-Ангеловска, екстерен ментор | Душица Матета-Гигова |

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 15.10.2025 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ | 1. Етноцентристички ставови кај учениците: предизвици за интеркултурно образование | 1602-115/7 од 24.9.2025 год. | Проф. д-р Даниела Коцева | Сања Стевчева |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ | 2. Еколошки – пејзажни модели за обновување и управување со деградирани почви и шумски екосистеми на Витачево | 1702-207/20 од 26.9.2025 год. | Проф. д-р Соња Лепиткова | Александра Петрова |
| | 3. Моделирање интензитет на ерозија и просечно годишно количество на нанос во сливот на Моклишко Езеро | 1702-207/12 од 26.9.2025 год. | Проф. д-р Соња Лепиткова | Горан Сакалиев |
| МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА | 4. Етнокореолошки и историски аспекти на Ансамблот за народни песни и игри АДЗНМ Гусле, Кикинда | 1402-98/20 од 30.9.2025 год. | Проф. д-р Владимир Јаневски | Игор Попов |
| ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ | 5. Традиционалното творештво на текстилот во Македонија и неговата примена во современата мода | 2302-103/3 од 30.9.2025 год. | Проф. м-р Вангја Димитријева-Кузманоска | Анастазија Петковска |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 6. Пристап во неврорехабилитација при лезија на нервус медијанус | 2002-232/21 од 30.9.2025 год. | Проф. д-р Данче Василева | Мартин Јанев |
| | 7. Улогата на медицинската сестра во интензивна нега кај педијатриски пациенти со Хиршпрунгова болест: Истражување на клинички практики и исходи | 2002-232/22 од 30.9.2025 год. | Проф. д-р Милка Здравковска | Марија Гошева |
| | 8. Некротизирачки ентероколит кај новороденчиња, клинички пристап и сестринска нега | 2002-232/23 од 30.9.2025 год. | Проф. д-р Милка Здравковска | Марија Брзакова-Попоски |
| | 9. Споредба на ефектите од примената на физиотерапевтски и средства на традиционалната кинеска медицина во третманот на цервикоторакална болка | 2002-232/24 од 30.9.2025 год. | Проф. д-р Тоше Крстев | Ивица Доцевски |
| | 10. Омфалоцела и гастрошиза кај новороденчиња и улогата на медицинската сестра | 2002-232/25 од 30.9.2025 год. | Проф. д-р Милка Здравковска | Емилија Петковска |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 11. Казнено-правни аспекти на дивоградбите во Република Северна Македонија: правна рамка, судска пракса и улогата на локалната самоуправа | 1102-116/13 од 9.10.2025 год. | Проф. д-р Олга Кошевалиска | Александра Ивановска |
| ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА | 12. Луѓе-броеви: Личност, симбол, текстура | 2402-83/10 од 9.10.2025 год. | Проф. м-р Јана Јакимовска | Стефан Анчевски |
| | 13. Фрагментирана убавина: Лицето како идентитет и маска | 2402-83/11 од 9.10.2025 год. | Проф. м-р Јана Јакимовска | Теодора Ѓорѓиева |
| | 14. Надеж-Светлина низ темнината | 2402-83/4 од 9.10.2025 год. | Проф. м-р Јана Јакимовска | Ана Митевска |
| | 15. Трансформација на енергијата: Од хаос во спокој | 2402-83/5 од 9.10.2025 год. | Проф. м-р Јана Јакимовска | Анита Огњановска |
| | 16. Денови како категорија на време и труд: циклус автопортрети | 2402-83/6 од 9.10.2025 год. | Проф. м-р Јана Јакимовска | Бојана Тошевска |
| | 17. Орнаментот на сакралното: Фигурални и геометриски симболи во религиозната уметност | 2402-83/7 од 9.10.2025 год. | Проф. м-р Јана Јакимовска | Ивана Ивановска |
| | 18. Булки: Синтеза на тарот симболика и македонска традиција | 2402-83/8 од 9.10.2025 год. | Проф. м-р Јана Јакимовска | Ристе Мицевски |
| | 19. Боја, акција, емоции: апстрактниот експресионизам во монохроматски циклус | 2402-83/9 од 9.10.2025 год. | Проф. м-р Јана Јакимовска | Светлана Попова |